**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ул. Борис Кидриќ 8 - 2 326 Пехчево тел./факс +389(0)33/441-321**
Е-пошта:opstina_pehcevo@t-home.mk www.pehcevo.gov.mk

Врз основа на член 35, став 1 од Законот за просторно и урбанстичко планирање (сл. весник на РМ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015 и 31/2016) Градоначалникот на општина Пехчево го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**Предлог – Детален урбанистички план Стара Касарна - Пехчево**

Се известуваат сите правни и физички лица дека Градоначалникот на општина Пехчево донесе решение за спроведување на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА по Предлог на Деталниот Урбанистички План за Стра Касарна - Пехчево, за планскиот период 2015 – 2020година.

Граници на опфатот се следните:

на север - ул. ,,Индустриска" и "ЈНА"

на исток - ул."Ванчо Китанов"

на југ - ул."8 Март"

на запад - ул."8 Март"

Предлог - Деталниот Урбанистичкиот План за Стара Касарна - Пехчево, за плански период 2015 – 2020 ќе биде изложен во Салата за состаноци и огласната табла на општина Пехчево од 27.06.2017 година до 10.07.2017 година секој работен ден од 8 до 15:30 часот.

Во наведениот период и време заинтересираните правни и физички лица ќе можат да пополнат анкетни листови.

Јавната презентација ќе се одржи во салата за состаноци во зградата на општина Пехчево на ден 03.07.2017 година (понеделник) со почеток во 12 часот.

Стручната служба при општина Пехчево ќе дава објаснување секој работен ден од 10 до 15 часот.

Контакт телефон 033 / 441 – 321 и email: opstina_pehcevo@t.com.mk

**Поради технички причини Соопштението не може да биде прикачено на електронскиот систем е-урбанизам во предвидениот законски рок за одржување на јавната анкета и презентација по предметниот урбанизстички план.**

**Соопштението е објавено во дневните весници Нова македонија и Вечер и на веб-страната на општина Пехчево.**

Бр. 09-650/2 | Општина Пехчево

19.06.2017 год.

Градоначалник
Игор Поповски с.р.